| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимски радости |
| **Содржина на денот** | Лисицата и грозјето |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Билјана Цветаноска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на хигиенски навики за здраво и безбедно однесување во градинка, во домот и надвор. |
| **Активности** | Со релацијата горе-долу детето се оспособува за просторно ориентирање, релации на предметите околу него,предметите меѓу себе и вербално искажување.<br>Во воведниот дел прочитајте или раскажете ја приказната<br><br>Лисицата и грозјето<br><br>Една гладна лисица здогледала грозје на една винова лоза.<br>-Охо,хохо,е сега ќе се нагостам со грозјево!-рекла лисицата<br>Почнала да скока за да го дофати.Скокала се повисоко и повисоко, ама никако не можела да го дофати грозјето.<br>Кога видела дека нема да успее,си заминала велејќи:<br>Не морам да јадам од грозјето,сигурно уште е кисело!<br>Откако детето ќе ја слушне приказната поттикнете го вербално да ги искаже релациите и тоа преку Вашите прашања поврзани со релациите горе-доле. Пр: Каде се наоѓало грозјето? Каде се наоѓала лисицата?<br>Потоа подгответе сликички или апликации, кои ќе ги нацртате или исечете од предмети кои се наоѓаат на небо и на земја. Пр: сонце, облак, дрво, трева, цвеќе и сл. Истите ставете ги во кутија, детето нека извлекува по една и нека утврди дали тој предмет се наоѓа на земја или небо.<br>На крај можете да ја играте играта со детето „Ден-ноќ'' ден е кога стои горе,а ноќ клекнува долу. |